**20101673577**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 декември 2010 година.

Бр. 07-5192/1
23 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

Член 1

Во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002 и 82/2008), во членот 11 точката 13 се менува и гласи:

„13. Министерство за информатичко општество и администрација;“.

Член 2

Во членот 12 став (1) по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи: „- Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија,“.

Член 3

Во членот 17 став (1) алинејата 2 се брише.

Во алинејата 12 зборовите: „и управната“ се бришат.

Алинејата 13 се брише.

Во ставот (2) алинејата 1 се брише.

Член 4

Во членот 21 став (1) алинеја 4 зборовите: „добитокот и“ се бришат.

Во ставот (1) по алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- спроведување на политиката во областа на безбедноста на храна и храната за животни и ветеринарното здравство,“.

Во ставот (2) алинејата 1 се брише.

Член 5

Во членот 22 став (1) алинеја 6 зборовите: „прехранбените производи и“ се бришат. Во ставот (2) алинејата 2 се брише.

Член 6

Членот 26-а се менува и гласи:

„(1) Министерството за информатичко општество и администрација ги врши работите што се однесуваат на:

- развојот и промоцијата на информатичкото општество,
- креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа,
- интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања,
- следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди,
- телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура,
- радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура,
- законското уредување на прашањата во врска со администрацијата,
- надзорот и обезбедувањето на единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници,
- развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници,
- класификацијата и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници,
- водењето Регистар за државните и јавните службеници,
- подготвувањето стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обуката,
- развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси,
- реформата во јавната администрација,
- остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност,
- државната управа,
- управната постапка,
- управниот надзор и
- врши и други работи утврдени со закон.

(2) Во состав на Министерството за информатичко општество и администрација е
- Државниот управен инспекторат.“

Член 7

Во членот 27 став (1) алинеите 5 и 6 се бришат.

Член 8

По членот 33 се додава нов член 33-а, кој гласи:

„Член 33-а

„(1) Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија ги врши работите што се однесуваат на безбедноста на храната и храната за животни; организацијата и одговорноста во вршењето на ветеринарната дејност; спроведувањето, контролата, надзорот и следењето на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните; заштитата и благосостојбата на животните во однос на нивното одгледување, чувањето, грижата и сместувањето, фармското држење и искористување, транспортот, постапувањето со животните заради обезбедување здравствена заштита на граѓаните; заштитата и благосостојбата на кучињата и домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат во експериментални и други научни цели; нуспроизводите од животинско потекло; идентификацијата и регистрацијата на фармските и други животни; ветеринарно-медицинските препарати; контролата на квалитетот на храната со исклучок на примарното земјоделско производство и други работи од значење на ветеринарното здравство, безбедноста на храната и храната за животни.

(2) Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија има својство на правно лице.“

Член 9

Со денот на затпочнувањето на примената на овој закон:

- Министерството за информатичко општество продолжува да работи како Министерство за информатичко општество и администрација и

- Управата за ветеринарство и Дирекцијата за храна продолжуваат да работат како Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Член 10

Со денот на започнувањето на примената на овој закон вработените во:

- Министерството за информатичко општество продолжуваат да работат во Министерството за информатичко општество и администрација,

- Министерството за правда кои ги вршат работите кои се однесуваат на реформата на јавната администрација и државната управа се преземаат во Министерството за информатичко општество и администрација,

- Државниот управен инспекторат се презема во Министерството за информатичко општество и администрација,

-Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања кои ги вршат работите што се однесуваат на реформата на јавната администрација се преземаат во Министерството за информатичко општество и администрација и

- Управата за ветеринарство и Дирекцијата за храна продолжуваат да работат во Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Опремата, документацијата и другите средства од Министерството за информатичко општество остануваат во Министерството за информатичко општество и администрација.

Со денот на започнувањето на примената на овој закон опремата, документацијата и другите средства од

- Управата за ветеринарство и Дирекцијата за храна се преземаат во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.



www.pravdiko.com

Член 11

Вработените во Министерството за транспорт и врски, кои ги вршат работите што се однесуваат на телекомуникациите, телекомуникациската инфраструктура, радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура, како и опремата, документацијата и другите средства се преземаат во Министерството за информатичко општество и администрација од 1 јануари 2012 година.

Член 12

Одредбите од членот 6 на овој закон со кој се менува членот 26-а во однос на ставот (1) алинеи 5 и 6 ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Одредбите од членот 7 на овој закон со кој во членот 27 став (1) се бришат алинеите 5 и 6 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2011 година.



www.pravdiko.com